Врз основа на член 51 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 199/14; 44/15; 44/15; 193/15, 31/16 и 163/16), и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), **Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За организирање на Јавна анкета и Јавната презентација за Архитектонско урбанистички проект, АУП за промена на границите на ГП 3.23(КП 8327/3 и 8327/5) и ГП 3.24 (8329/2) КО Ѓорче Петров 6, Општина Ѓорче Петров, Скопје.**

**Ч л е н 1**

Со оваа решение **се организира Јавна анкета и Јавна презентација по добиеното Мислење од Комисија за давање мислење по Архитектонско урбанististички проект** и предлог до Градоначалник за одобрување на АУП, формирана со решение од Градоначалник на Општина Ѓорче Петров-Скопје, со број **09-1241/1** од **27.04.2016год**.

**Ч л е н 2**

Соопштението за организирање на Јавна анкета ќе биде објавено во Јавното гласило **"Нова Македонија" и „Вечер", информацискиот систем е-урбанизам и веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.**

**Ч л е н 3**

**Јавната анкета ќе трае 5 работни дена 10.08.2017год. до 17.08.2017год.**, определени со Соопштението и објавени во јавните гласила од член 2 на оваа одлука.

**Ч л е н 4**

**Јавна анкета и Јавната презентација по Архитектонско урбанистичкиот проект за организирање на Јавна анкета и Јавната презентација за Архитектонско урбанистичкиот проект- АУП за промена на границите на ГП 3.23 (КП 8327/3 и 8327/5) и ГП 3.24 (8329/2) КО Ѓорче Петров 6, Општина Ѓорче Петров, Скопје, ќе се спроведе со излагање во просториите на Општина Ѓорче Петров – Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и локален економски развој.**

**Ч л е н 5**

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок ќе можат да ги дадат своите забелешки, предлози и мислења во писмена форма, на анкетни листови.

**Ч л е н 6**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**Број 09-2042/2**
**04.08.2017 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Сокол Митровски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Општина Ѓорче Петров